# Клаузула за интегритет на Купувачот

Снабдувачот (Изведувачот) е запознаен со оваа клаузула за интегритет кон која е обврзан и Купувачот и ја почитува при извршување на своите договорни испораки/услуги, а и ја чини обврзувачка за своите сопствени добавувачи и подизведувачи.
Снабдувачот (Изведувачот) уште се обврзува без одлагање да го информира Купувачот за какво било прекршување на обврските - од негова страна или од неговите снабдувачи/подизведувачи - за кое ќе дознае. Во случај на прекршување на обврските, Купувачот има право да побара преговори, со цел повторно да се утврдат договорните услови. Доколку Снабдувачот (Изведувачот) не го исполни барањето во рок од еден месец или не се откаже или не го коригира утврденото кршење на договорот спогодбено или во разумен рок, Купувачот има право веднаш да го раскине договорот. Купувачот има право во секое време да го провери почитувањето на обврските. Доколку Снабдувачот (Изведувачот) одбие да го дозволи или го спречи спроведувањето на проверката од страна на Купувачот, Купувачот има право веднаш да го раскине договорот.

**1. Почитување на човековите права:** Очекуваме нашите Снабдувачи (Изведувачи) и нивните подизведувачи да ги признаат и да се придржуваат до начелата од Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации (A/RES/217, UN Doc. 217/A-(III)), Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права, Меѓународниот закон за човекови права и Декларацијата на Меѓународната организација на труд (МОТ) за основните принципи и права на работа и да се осигури дека нема вклученост во и толеранција на кршењето на човековите права.

**2. Без детска работа, принудна работа или трговија со луѓе:** Покрај усогласеноста со сите релевантни законски стандарди, се очекува дека нема да се користи ниту толерира детска работа, принудна работа, друга присилна работа или трговија со луѓе во производството на производи и реализирањето испораки/услуги.

**3. Без дискриминација и без вознемирување на работа:** Покрај усогласеноста со сите релевантни законски стандарди, од нашите Снабдувачи (Изведувачи) и нивните подизведувачи се очекува да ги третираат вработените со почит и достоинство и да се осигурат дека тие нема да бидат физички, психички, сексуално или вербално вознемирувани, малтретирани или дискриминирани во однос на нивниот пол, раса или верска припадност, возраст, потекло, физичка или ментална попреченост, родова ориентација или политички/идеолошки убедувања.

**4. Закони за труд и социјално осигурување:** При производство на производите и вршење испораки/услуги, нашите Снабдувачи (Изведувачи) и нивните подизведувачи се должни да ги почитуваат соодветните законски норми за труд и социјално осигурување.

**5. Право на собир и штрајк:** На вработените кај нашите Снабдувачи (Изведувачи) и кај нивните подизведувачи треба да им се овозможи правото да учествуваат на собири и штрајкови без страв од последици, во рамките на важечките законски одредби.

**6. Транспарентност во врска со работното време и платата:** Работното време се одредува во согласност со важечките закони. Освен тоа, вработените добиваат договори за работен однос во коишто се наведени и работното време и износот на платата.

**7. Безбедност и здравје при работа:** Нашите Снабдувачи (Изведувачи) и нивните подизведувачи се должни да ги обезбедат и да ги гарантираат сите услови за безбедност и здравје при работа, во согласност со важечките закони и прописи. Мора да се обезбеди бесплатен пристап до вода за пиење, санитарни јазли, соодветна противпожарна заштита, осветлување, вентилација и доколку е потребно, соодветна опрема за лична заштита.

**8. Високи етички стандарди:** Генерално очекуваме висок степен на деловна етика, како и почитување на соодветните закони и прописи (особено за работни односи, конкуренција, против спречување конкуренција, пазар на капитал и за заштита на потрошувачи), како и невклучување или учество во корупција, мито, измама или уцена во каква било форма.

**9. Транспарентни деловни односи:** Освен почитување на соодветните законски стандарди, очекуваме нашите Снабдувачи (Изведувачи) и нивните подизведувачи да се воздржуваат од нудење, барање, давање или прифаќање подароци, исплати или други слични привилегии или знаци на благодарност со кои може да се наведе некое лице да ги прекрши или да не постапи според своите должности.

**10. Заштита на животната средина и климата:** Освен почитување на соодветните законски стандарди за заштита на животната средина и климата, очекуваме деловните активности да се водат според начелата на одржливост, а сите негативни влијанија врз животната средина мора активно да се откриваат и континуирано да се намалуваат со цел да се придонесе кон постигнување на меѓународните и националните климатски цели.

**11. Намалување на употребата на ресурсите, отпадот и емисиите:** Освен почитување на соодветните законски стандарди, очекуваме континуирано подобрување на ефикасноста на искористување на ресурсите како основна раководна и лидерска функција при работењето. Отпадот од секаков вид, како и сите емисии во воздухот, водата или почвата мора да се избегнуваат во најголема можна мера или постојано да се намалуваат преку еколошки здраво управување со отпадот и други соодветни мерки.

**12. Употреба на ризични (конфликтни) материјали:** Покрај усогласувањето со сите релевантни законски норми за одговорно набавување на минерали, од Снабдувачите (Изведувачите) се очекува: да ги препознаат и намалат ризиците во синџирот на снабдување со овие минерали, да не користат минерали што поддржуваат вооружени групи и да овозможат проверка на потеклото на истите, како што се калај, тантал, волфрам и злато, за да се осигураат дека не доаѓаат од конфликтни региони.